РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-3815/8
17-06-2026 20 год. / viti

Друштво за производство, трговија и услуги
НЕТИНГ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 03-57
17.06.2026 год.
ТЕТОВО

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Спроведување на обуки за професионално надградување на вработените во Министерството за социјална политика, демографија и млади**

Склучен на ден ___.___. 2026 година

## I ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади** со седиште на ул. „Даме Груев“ бр.14, Скопје, претставувано од Министер Fatmir Limani, во понатамошниот текст: **Договорен орган**, и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово**, со даночен број 4079009500421 и матичен број 6546390, со адреса ул.Илинденска 18А/1, Тетово, претставувано од одговорното лице Тацедин Селими, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## II ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка (поедноставена отворена постапка) за набавка на услуги, во согласност со позитивните законски прописи, и тоа: Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/21, 14/25) и Законот за облигациони односи, како и сите други важечки подзаконски акти кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-3815/1 од 07.05.2026 година, Одлука за избор на најповолен понудувач со архивски број 02-3815/5 од 11.06.2026 година, како и врз основа на доставената понуда на Носителот на набавката со број на оглас 08618/2026, со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е вршење на услуги за **Спроведување на обуки за професионално надградување на вработените во Министерството за социјална политика, демографија и млади**, согласно техничката спецификација и прифатената понуда.

**Член 3**

Обуките опфатени со овој договор се:

- Управување со процеси и ризици; 4 дена / 32 часа / 30 учесници;
- Интерперсонални вештини за раководен кадар; 2 дена / 16 часа / 40 учесници;
- Меки вештини за административно и тимско работење; 3 дена / 24 часа / 80 учесници;
- Лична и професионална ефективност; 3 дена / 24 часа / 80 учесници;
- Планирање и управување со проекти; 3 дена / 24 часа / 30 учесници.

## III ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонски јазик.

## IV ВРЕМЕТРАЈАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Овој договор е со важност од 6 (шест) месеци, сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни. Сите договорени обуки треба да бидат реализирани во рок од 90 (деведесет) дена од денот на заедничко утврдување и потврдување на распоредот за реализација.

## V ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Вредноста на договорот е утврдена врз основа на вредноста на прифатената понуда и истата изнесува **2.695.000,00 денари без данокот на додадена вредност**, односно **3.180.100,00 денари со вклучен ДДВ (18%)** (три милиони сто и осумдесет илјади и сто денари).

**Член 7**

Единечните цени на услугите, во согласност со прифатената финансиска понуда, изнесуваат:

- Управување со процеси и ризици: 14.000,00 ден./учесник (без ДДВ);
- Интерперсонални вештини за раководен кадар: 7.000,00 ден./учесник (без ДДВ);
- Меки вештини за административно и тимско работење: 10.500,00 ден./учесник (без ДДВ);
- Лична и професионална ефективност: 10.500,00 ден./учесник (без ДДВ);
- Планирање и управување со проекти: 10.500,00 ден./учесник (без ДДВ).

Цените се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

**Член 8**

Детален преглед на услугите и нивните вредности е содржан во следната табела:

| Р.б. | Опис на услуга | Мер. ед. | Кол. | Ед. цена (ден.) | Вкупно без ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Управување со процеси и ризици; 4 дена / 32 часа / 30 учесници | Бр. лица | 30,00 | 14.000,00 | 420.000,00 | 495.600,00 (18%) |
| 2 | Интерперсонални вештини за раководен кадар; 2 дена / 16 часа / 40 учесници | Бр. лица | 40,00 | 7.000,00 | 280.000,00 | 330.400,00 (18%) |
| 3 | Меки вештини за административно и тимско работење; 3 дена / 24 часа / 80 учесници | Бр. лица | 80,00 | 10.500,00 | 840.000,00 | 991.200,00 (18%) |
| 4 | Лична и професионална ефективност; 3 дена / 24 часа / 80 учесници | Бр. лица | 80,00 | 10.500,00 | 840.000,00 | 991.200,00 (18%) |
| 5 | Планирање и управување со проекти; 3 дена / 24 часа / 30 учесници | Бр. лица | 30,00 | 10.500,00 | 315.000,00 | 371.700,00 (18%) |
| **ВКУПНО БЕЗ ДДВ:** | | | | | 2.695.000,00 | 3.180.100,00 |

## VI МЕСТО, РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 9**

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите стручно, квалитетно и во согласност со важечките законски и подзаконски прописи, техничката спецификација, техничката понуда и одредбите од овој договор.

Обуките се реализираат преку интерактивни предавања, работилници, групни дискусии, практични вежби и самостојни активности помеѓу сесиите, со цел обезбедување практична примена на стекнатите знаења и вештини.

**Член 10**

Обуките се спроведуваат во простории обезбедени од Носителот на набавката, надвор од просториите на Договорниот орган. Просториите треба да бидат соодветни за работа со групи, да располагаат со неопходна техничка и логистичка опрема и да овозможат непречено одвивање на обуките согласно предвидената методологија.

Носителот на набавката е должен да обезбеди квалификувани обучувачи со соодветно професионално искуство, сите потребни обучувачки материјали, алатки, шаблони, презентации и работни материјали, како и соодветна кафе пауза и закуска за сите учесници во согласност со бројот на учесници и времетраењето на обуките, без дополнителни трошоци за Договорниот орган.

**Член 11**

Пред започнување на реализацијата, Носителот на набавката доставува детална програма и временска рамка за секоја поединечна обука, која се усогласува со Договорниот орган. Реализацијата на обуките се врши по однапред договорен распоред, во согласност со потребите на Министерството.

По завршување на секоја обука, Носителот на набавката е должен да достави финален извештај за реализацијата, кој вклучува опис на спроведените активности, учество на присутните лица, постигнати резултати и препораки за понатамошен професионален развој.

По завршување на обуките, овластено лице од Договорниот орган и претставник на Носителот на набавката составуваат и потпишуваат записник за прием на услугите, со кој се потврдува дека истите се реализирани согласно договорот и техничката спецификација.

**Член 12**

По завршување на секоја реализирана обука, Носителот на набавката е должен на секој учесник да му издаде сертификат за учество.

## VII НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 13**

Плаќањето за извршените услуги ќе се врши по доставена фактура од страна на Носителот на набавката, изготвена согласно цените од прифатената понуда. Фактурата се доставува по целосна реализација на договорените обуки, односно по реализирање на обуките согласно договорената динамика. Носителот на набавката е должен кон фактурата да приложи:

- потврда/записник за прием на услугата потпишан од овластено лице од Договорниот орган;
- листа на присутни учесници на обуките (евиденција за присуство), потпишана од учесниците и обучувачот; и
- финален извештај за спроведените обуки.
-

Плаќањето ќе се изврши во рок од најмногу 30 (триесет) дена од денот на прием на уредна и комплетна фактура во архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## VIII ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 14**

Носителот на набавката се обврзува:

- да ги реализира сите договорени обуки квалитетно, стручно и во предвидените рокови;
- да обезбеди соодветни простории со потребна техничка опрема и логистика;
- да подготви и достави работни материјали за сите учесници;
- да издаде сертификати за учество по завршување на секоја обука;
- да изготви и достави финален извештај по секоја реализирана обука;
- да не ги открива или користи за сопствени цели информациите и документите стекнати при реализацијата на договорот.

**Носителот на набавката е должен да ги реализира обуките со обучувачкиот тим предложен во техничката понуда, и тоа:**

- Дејан Тодоровски, обучувач (AIHR Certified Digital HR Specialist);
- Бојана Киселоска, обучувач (PMP® бр. 3228781);
- Куштрим Шеху, обучувач (PMP® бр. 3252562);
- Марија Конеска, обучувач (HR Academy / AIHR Strategic HR Leadership);
- Јулија Шундовска, обучувач (GCDF – Global Career Development Facilitator, важи до 31.05.2027);
- Фатлинд Битиќи, обучувач (AIHR Certified HR Generalist).

Носителот на набавката нема право да ги замени предложените обучувачи без претходна писмена согласност од Договорниот орган. Во случај на оправдана замена, новопредложеното лице мора да ги исполнува истите или повисоки квалификации од оние евалуирани во постапката за јавна набавка.

## IX ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 15**

Договорниот орган се обврзува:

- да ги определи и навремено достави списоците на учесници за секоја обука;
- да ги усогласи термините за реализација со Носителот на набавката;
- да назначи одговорно лице за следење на реализацијата на обуките;
- да потпише записник за прием на услугите по завршување на обуките;
- да ја изврши исплатата во рок утврден со овој договор.

Овластено лице од страна на Договорниот орган за следење на реализацијата на договорот и за комуникација со Носителот на набавката е Емилија Печинска или друго лице овластено од Министер.

## X ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИ

**Член 16**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја исполни обврската согласно тендерската документација и овој договор, истиот е согласен на договорна казна. Носителот на набавката се обврзува да плати пенали во висина на 5 (пет) промили од вредноста на нереализираната обука за неисполнување или задоцнето исполнување, но износот на пеналите не може да биде поголем од 5% од вредноста на овој Договор. Договорниот орган пресметката на договорната казна ќе ја одбие од цената на услугата определена во Член 8 од овој договор.

## XI БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 17**

Носителот на набавката е должен да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 5% (пет проценти) од вредноста на договорот за јавна набавка, со важност за целото времетраење на договорот.

Носителот на набавката е должен да достави неотповиклива, безусловна и наплатива на прв повик банкарска гаранција најдоцна во рок до 5 (пет) работни дена од потпишувањето на договорот. Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот на набавката не исполни некоја од обврските во рокот на стасување, а се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 (четиринаесет) дена од целосното реализирање на договорот.

## XII ВИША СИЛА

**Член 18**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините на Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

Во случај на делумна невозможност за исполнување поради настан за кој не е одговорна ни едната ни другата договорна страна, другата страна може да го раскине договорот ако делумното исполнување не им одговара на нејзините потреби, инаку договорот останува во сила, а другата страна има право да бара сразмерно намалување на својата обврска.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заедничко прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XIII ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 19**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XIV УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 20**

Кога Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска, во тој случај Договорниот орган, може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штета дури и да не даде дополнителен рок за извршување на услугата.

**Член 21**

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му даде дополнителен рок за исполнување на обврската.

Дополнителниот рок може да се даде само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета.

**Член 22**

Ако носителот на набавката не ја исполни својата обврска во определениот рок / дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара надомест на штета и договорна казна.

**Член 23**

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на обврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

**Член 24**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување на обврската, ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 25**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска од договорот, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 26**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагување.

**Член 27**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 28**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободуваат од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета. Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно, има право да и се врати она што го дала. Страната што враќа пари е должна да плати казнена камата од денот кога ја примила исплатата.

**Член 29**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, страната на која и е отежнато исполнувањето може да бара договорот да се раскине. Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

## <u>XV РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ</u>

**Член 30**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот Граѓански суд Скопје - Скопје.

## <u>XVI КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ</u>

**Член 31**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор. Ниту една од договорните страни нема

да понуди, прими или очекува корист за себе или за друго лице во врска со реализацијата на договорот, во вид на измамничко однесување или корупција.

## XVII ЗАВРШНИ И ОПШТИНИ ОДРЕДБИ

**Член 32**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс кон договорот, согласно член 119 од Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Договорните страни немаат право своите обврски да ги пренесат на трета страна, без взаемна писмена согласност и согласно Законот за јавни набавки.

**Член 33**

Овој Договор е изработен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) за Носителот на набавката и 2 (два) за Договорниот орган и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| **ДОГОВОРЕН ОРГАН** | **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА** |
|---|---|
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово |
| Министер | Одговорно лице |
| **Fatmir Limani** | **Тацедин Селими** |
| (потпис и печат) | (потпис и печат) |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Раководител на одделение
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар